Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-Плаваја-Радовиш

| Примено: 12.09.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0102 | 523/1 | | |

ЈП „Плаваја"

Врз основа на член 23 и 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на на отпадни и урбани води (Сл.весник на РМ бр. 68/2004, 28/2006, 103/2008 и 17/2011), 21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш и укажувањето на Државниот комунален инспектор број 08-866/4 од 07.05.2013 година,

Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 05.09.2013 год., донесе

# ОДЛУКА

## За предавање на користење и одржување на водоводот во с. Калуѓерица на ЈП„Плаваја Радовиш

### член 1

Општина Радовиш стопанисувањето, тековното и инвестиционото одржување со водоводот (каптажи, резервоари, водна мрежа, дезинфекција на водата со хлор и друго), како и обезбедувањето на бактериолошко-хемиски чиста и здрава вода за пиење, го предава во надлежност на ЈП „Плаваја„ Радовиш.

### член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за состојбата со водоводот во с. с. Калуѓерица број 08-1436/2 од 29.07.2013 година, подготвен од комисија составена од стручни лица од ЕЛС Радовиш и ЈП„Плаваја„ Радовиш.

### член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш.„

Број 07-1691/1
Дата 05 Септември 2013 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Николчо Миовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА „СОВЕТ НА ОПШТИНА" ОПШТИНА РАДОВИШ

Врз основа на член 23 и 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на на отпадни и урбани води (Сл.весник на РМ бр. 68/2004, 28/2006, 103/2008 и 17/2011), 21 ст.1 т.43 од Статутот на општина Радовиш и укажувањето на Државниот комунален инспектор број 08-866/4 од 07.05.2013 година,

Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 20.05.2013 год., донесе

# О Д Л У К А
## За предавање на користење и одржување на водоводот во с. Ораовица на ЈП„Плаваја Радовиш

член 1

Општина Радовиш го презема во своја надлежност водоводот во село Ораовица.

член 2

Општина Радовиш стопанисувањето, тековното и инвестиционото одржување со водоводот (каптажи, резервоари, водна мрежа, дезинфекција на водата со хлор и друго), како и обезбедувањето на бактериолошко-хемиски чиста и здрава вода за пиење, го предава во надлежност на ЈП „Плаваја„ Радовиш.

член 3

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за состојбата со водоводот во с. Ораовица број 03-771/2 од 08.05.2013 година, подготвен од комисија составена од стручни лица од ЕЛС Радовиш и ЈП„Плаваја„ Радовиш.

член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш.„

Бр. 07-978/1
Дата 20 мај 2013 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Николчо Миовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА „СОВЕТ НА ОПШТИНА" ОПШТИНА РАДОВИШ

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-Плавација-Радовиш
Примено:
Орг. един. | Број | Предлог | Вредност
0102 | 517 | 1 |
ЈП Плавеја
06.10.2017

Врз основа на член 64, 65 и 67 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ број 5/2002), член 21 т.44 и член 85 став 1 од Статутот на општина Радовиш

Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 02.10.2017 година, донесе.

# О Д Л У К А

## со која се преотстапува на користење подземен и надземен инфраструктурен објект резервоар и дистрибутивна мрежа-цевковод за водоснабдување на селата Аликоч и Коџалија во општина Радовиш

### Член 1

Со оваа Одлука се преотстапува на користење на ЈП „Плаваја„ Радовиш подземен и надземен инфраструктурен објект-резервоар и дистрибутивна мрежа-цевковод за водоснабдување на селата Аликоч и Коџалија во општина Радовиш.

Објектот е изграден по основен проект со Тех.бр. 01/2007 изработен од „Техноградба-Инжинеринг„ д.о.о. Скопје.

### Член 2

Објектот има утврден правен статус на бесправен објект и тоа:

-Подземен линиски инфраструктурен објект-водоводна мрежа-цевковод за с. Коџалија и с.Аликоч, објект е означен со префикст ВИПВ1, ВИПВ3, идентификатор: 2226_ОР1, должина(м1) 12588,51 м1, согласно решение бр. 26-1157/1 од 12.09.2017 г;

-Надземен линиски инфраструктурен објект-резервоар, кој се наоѓа на КП бр. 681, КО Коџалија, м.в. „Даб„, имотен лист број 1 и на КП бр. 30, КО Аликоч, м.в. „Курбан Крани„, имотен лист бр.1, зграда 1 и 2, согласно решение бр. 26-1157/2 од 12.09.2017 година;

### Член 3

Комплетната документација за овој објект да се достави до ЈП„Плаваја„ Радовиш.

### Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-1291/1
дата 02 Октомври 2017 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Никола Миовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА "СОВЕТ НА ОПШТИНА" ОПШТИНА РАДОВИШ